**20261111638**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 19 мај 2026 година.

Бр. 08-3525/1
19 мај 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ

Член 1

Во Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ број 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19, 124/19, 178/21, 154/25 и 247/25), во член 9 во ставот (1) алинејата 1 се менува и гласи:

„ - кои започнале продуктивна почетна инвестиција во претходната година или во годината кога го поднесуваат барањето за доделување на финансиската поддршка во вкупен износ од најмалку 100.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија.“.

Член 2

Во член 10 став (1) во алинејата 5 зборовите: „и тоа само за делот на производство на акцизна стока,“ се заменуваат со зборовите: „ ,освен за производство на вино од грозје“.

Член 3

За доделување на финансиска поддршка на инвестиции согласно со Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ број 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19, 124/19, 178/21, 154/25 и 247/25), деловните субјекти во 2026 година поднесуваат барање за доделување на финансиска поддршка на инвестиции, најдоцна до 15 јуни 2026 година.

Член 4

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 154/25), во членот 26 по зборовите: „Буџетот на Владата на Република Северна Македонија“ се додаваат зборовите: „и Буџетот на Министерството за економија и труд за 2026 година“.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Исплатата по договорите на финансиската поддршка и анексите кон договорите за 2025 година може да се изврши и во 2026 година од Буџетот на Министерството за економија и труд.”.

Член 5

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 154/25), во членот 29 зборовите: „до 31 декември“ се заменуваат со зборот „во“, а зборовите: „со целокупната документација да ги предадат на Министерството за економија и труд најдоцна до 31 јануари 2026 година“ се заменуваат со зборовите: „заедно со целокупната придружна документација, да ги предадат на Министерството за економија и труд најдоцна до 31 јули 2026 година.“.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Договорите за доделување финансиска поддршка, како и анексите, заедно со целокупната придружна документација до 2025 година, се преземаат во Министерството за економија и труд од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, при што документацијата се предава во состојбата во која се наоѓа, а за оштетената или нецелосна документација се составува записник со опис на состојбата и степенот на оштетување.“.

Член 6

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 154/25), по членот 29 се додава нов член 29-а, кој гласи:

„Член 29-а

(1) Вработените во Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот до денот на влегувањето во сила на овој закон, а кои до 31 декември 2025 година врз основа на решение или задолжение ги вршеле работите што се однесуваат на постапките за доделување на финансиска поддршка на инвестициите и постапките за исплата на финансиска поддршка на деловните субјекти кои инвестираат во Република Северна Македонија се преземаат во Министерство за економија и труд во рок од два месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон, согласно со актите за систематизација и организација на работните места во Министерството за економија и труд.

(2) Опремата, инвентарот, средствата за работа и другите средства кои ги користеле вработените од ставот (1) на овој член се преземаат во Министерството за економија и труд во рок од два месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.”.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.